26-638/2
08 JUN 2026

Врз основа на член (97) став (1) од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/2015), Националната комисија за учебници донесе

# РЕШЕНИЕ

за исправка на техничка грешка во Одлука за одобрување на учебник по Македонски јазик за VIII одделение во основно образование

1. На страна три (3) во Одлука за одобрување на учебник по Македонски јазик за VIII одделение во основно образование со број 26-638/1 од 20.05.2026 година **зборовите „Граѓанско образование" се заменуваат со зборовите „Македонски јазик "**.
2. Ова Решение има правно дејство од денот кога има правно дејство во Одлука за одобрување на учебник по Македонски јазик за VIII одделение во основно образование со број 26-638/1 од 20.05.2026 година.
3. На Одлука за одобрување на учебник по Македонски јазик за VIII одделение во основно образование со број 26-638/1 од 20.05.2026 година да се стави забелешка за направената исправка.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно Член (97) од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/2015), државниот орган што го издал управниот акт може во секое време да ги исправи грешките во имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во управниот акт или во неговите заверени преписи. Со оглед на фактот што во Одлуката за одобрување на учебник по Македонски јазик за VIII одделение во основно образование, на страна три има очигледна техничка грешка во името на одобрениот предмет каде наместо „Македонски јазик за VIII одделение во основно образование" наставен предмет за кој се и однесува одлуката стои „Граѓанско образование за VIII одделение во основно образование", се постапи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА УЧЕБНИЦИ,**
Проф. Д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.06.08 13:35:22 +02'00'



Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk